# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

## Број 02/16

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ**

**Излегува по потреба- 05.02-2016 година. Петок-Бр.02, година XX**
**.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;**
**E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари**

Врз основа на член 51 од Законот за енергетика („Службен весник на Р.М.„бр.16/2011) , и член 50 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02 донесувам

## ЗАКЛУЧОК

За објавување Барање за изградба на систем за „Топлификација на Битола, Новаци и Могила„- I фаза, на територијата на општина Новаци и Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за издавање овластување за изградба на нов објект за производство на топлотна енергија

1.Го Објавувам Барање за изградба на систем за „Топлификација на Битола, Новаци и Могила„- I фаза, на територијата на општина Новаци, доставено од АД Електрани на Македонија-Скопје бр.08-511/1 од 01.02.2016 година и Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за издавање овластување за изградба на нов објект за производство на топлотна енергија

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-143/3
04.02.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
11 Октомври 9, 1000 Скопје, п. фах 16, Р. Македонија

3-553-101.01

**бр.08 - 511/1**
**Скопје, 01.02.2016**

**До:ОПШТИНА НОВАЦИ**
**Новачки пат бб**
**с.Новаци**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Примено: 02.02.2016
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 143/1 | | |

**Предмет: Барање**

Почитувани,

согласно развојните планови на А.Д.ЕЛЕМ во план е изградба на систем за "Топлификација на Битола, Новаци и Могила"- I фаза, на територија на општина Новаци.

За таа цел, согласно Законот за енергетика, член 49,став 1, бараме да ни издадете овластување за изградба на нов објект за производство на топлинска енергија согласно член 49, став 7, за што согласно член 52 со барањето за издавање на овластување, во **прилог** , Ви доставуваме:

1.Основен проект и економска анализа
2.Решение за одобрување на елаборатот за животна средина
3.Одобрен проект за инфраструктура
4.финансиска конструкција на објектот
5.Договор со KfW банка за одобрување на кредитна линија за реализација на проектот
6.доказ за финансиска способност на барателот за неговото учество во финансирањето
7.Референци на барателот
8.документи од регистрација на барателот
9.документи од надлежен орган дека барателот дека не е во постапка на стечај или ликвидација
10.документи од надлежен орган дека против барателот не се водикривична или прекршочна постапка со неговата професионална дејност
11.изјава од барателот за веродостојноста на податоците

**Прилог:** Како во текстот

Со почит,

Изработил: м-р Звонко Кушоски
Одобрил: Емилија Јовановска Стојанова

**Директор за развој и инвестиции**
**м-р Александар Пауноски, дипл.ел.инж.**

ко: Сектор за развој и инвестиции
архива

тел.: + 389 (0) 2 31 66 758, факс: + 389 (0) 2 31 12 165; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk

Врз основа на член 49 од Законот за енергетика (,,Службен весник на РМ,, бр.16/2011) а во врака со член 15 став 1 т.1 и член 51 став 3 о Статутот на општина Новаци (,,Слижбен гласник на општина Новаци,, бр.5/02) Градоначалникот на општина Новаци го донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на Комисија за спроведување на постапка за издавање овластување за изградба на нов објект за производсво на топлотна енергија**

**1.Се ФОРМИРА** Комисија за спроведување на постапка за издавање овластување за изградба на нов објект за производсво на топлотна енергија АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА-Скопје

**-Ангелевски Стевче-** дипл.прав, вработен во општина Новаци,
-**Бежановски Благојче** – дипл.градеж.инж, вработен во опоштина Новаци-
- **Најдовска Лилјана-** дипл. Инж. Арх.- вработена во опоштина Новаци
- **Ристевски Игорче** – дипл.ел.инж- вработен во опоштина Новаци и
- **Горан Неделков**- дипл.маш.инж - вработен во опоштина Битола

2.Задача на Комисијата од т.1 на ова Решение да спроведе постапка и му предложи на Советот на општина Новаци донесување на Одлука за давање овластување за изградба на нов објект за производство на топлотна енергија АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА-Скопје

3.За учество во работата на Комисијата на членовите на Комисијата им следува надоместок определен од Советот на општина Новаци.

4.Мандатот на Комисијата е до завршувањето на постапката за издавање на овлстување за изградба на нов објект за производсво на топлотна енергија.

5.Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**Општина Новаци**
**Градоначалник**

**Котевски Лазар**

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Барање за изградба на систем за „Топлификација на Битола, Новаци и Могила,,- I фаза, на територијата на општина Новаци и Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за издавање овластување за изградба на нов објект за производство на топлотна енергија 1

**Издавач:** Совет на општина Новаци:
**Редакција:**
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
**Печати**: Совет на општина Новаци
**Тираж:** 20 примероци